Република Македонија

ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

Службен гласник на општината Демир Хисар, излегува по потреба. Цена: 50,оо мкд. Годишна претплата: 500,оо мкд
е - mail: opstinademirhisar@yahoo.com; www.demirhisar@gov.mk; тел/факс: (+389) 47 -552-661

**Бр. 8**

**06.07.2017**

Демир Хисар

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05; 7/09; 16/13 и 18/14 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлуката за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Демир Хисар за 2017 година**

1.Ја објавувам Одлуката за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Демир Хисар за 2017 година донесена на 66- та седница на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 29.06.2017 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-546/1** **Општина Демир Хисар**
**06.07.2017 година** **Градоначалник**
**Демир Хисар** ***Љупчо Блажевски с.р.***

632. Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/2002) како и во согласност со член 34 од Законот за Буџетите (Сл.весник на РМ бр.64/2005, 103/2008, 56/2009, 95/2010, 180/2011, 171/2012, 192/2015, 167/2016) и член 43 став 1 точка 2 од Статутот на општина Демир Хисар (Сл.гласник на општина Демир Хисар бр. 03/02) Советот на општина Демир Хисар на 49 седница одржана на 29.06.2017 год. донесе

**О Д Л У К А**

за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина ДЕМИР ХИСАР за 2017 година

Член 1

Со оваа одлука се врши измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина ДЕМИР ХИСАР за 2017 година на следниот начин :

| *Потпрограма* | *БУЏЕТ* | САМОФИН. | ДОТАЦИИ | ДОНАЦИИ | КРЕДИТИ |
|---|---|---|---|---|---|
| Потставка | | | | | |
| **V10 ДЕТСКИ ГРАДИНКИ** | | | | | |
| 401130 основни плати-други вработени | 0 | 0 | -500.000 | 0 | 0 |
| 421110 електрична енергија | 0 | 0 | 220.000 | 0 | 0 |
| 423410 прехрамбени продукти и пијалаци | 0 | 0 | 200.000 | 0 | 0 |
| 425420 примарна здравствена заштита | 0 | 0 | 60.000 | 0 | 0 |
| 426410 објавување на огласи | 0 | 0 | 10.000 | 0 | 0 |
| 426990 други оперативни расходи | 0 | 0 | 10.000 | 0 | 0 |
| | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

Член 2

Одлуката влегува во сила од денот на објавувањето во Службен гласнпк на општина Демир Хисар и станува составен дел на Буџетот на општината за 2017 година.

Бр.17-520/3
29.06.2017 година
Демир Хисар

Совет на Општина Демир Хисар
Претседател
Ѓоко Василески с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05; 7/09; 16/13 и 18/14 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Правилник за начинот на користење, управување и одржување на службени моторни возила на општина Демир Хисар**

1.Ја објавувам Правилник за начинот на користење, управување и одржување на службени моторни возила на општина Демир Хисар донесен на 66- та седница на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 29.06.2017 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-546/2** — **Општина Демир Хисар**
**06.07.2017 година** — **Градоначалник**
**Демир Хисар** — ***Љупчо Блажевски с.р.***

633. Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на Р. Македонија бр. 5/02) како и во согласност со членот 43 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Демир Хисар (Сл. гласник на Општина Демир Хисар бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13 и 18/14), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на 29.06.2017 донесе:

**ПРАВИЛНИК**
**ЗА НАЧИНОТ НА КОРИСТЕЊЕ, УПРАВУВАЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ НА СЛУЖБЕНИТЕ МОТОРНИ ВОЗИЛА НА ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР**

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој Правилник се уредува начинот на користење, управување и одржување на службените моторни возила на Општината Демир Хисар (во понатамошниот текст Општината)

**Член 2**

Службено моторно возило во смисла на овој Правилник се смета секое моторно возило кое е во сопственост на Општината, а го користат за службени потреби лица вработени во Општината.

**Член 3**

Прегледот на службените моторни возила на Општината е даден во прилог на овој Правилник (Прилог бр. 1) и е негов составен дел.

**Член 4**

Службените моторни возила на Општината можат да се користат за:

- Извршување на работи во градот Демир Хисар и локално до 50 km;
- Извршување на работи на територија на Република Македонија и
- Службени патувања во странство.

## II. ПОСТАПКА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СЛУЖБЕНИТЕ МОТОРНИ ВОЗИЛА

**Член 5**

1. Службените моторни возила може да се користат само за службени потреби во смисла на превоз до и од надлежна институција во градот, или населено место на територијата на Општината, заради спроведување на службени активности во Република Македонија и странство. Во текот на работното време обврска е возилата задолжително да се вратат во дворот на паркингот на Општината. Може службеното моторно возило да не се врати во дворот на Општината а тоа мора да биде согласно патниот налог или согласно завршената службена работа.

   За начинот и целите за кои може да се користи возилото надвор од работното време Градоначалникот на Општината дава посебно одобрение. Вакво одобрение може да издаде и раководно лице вработено во Општината, но овластено од Градоначалникот.
2. За Секретарот на Општината, и претседателот на Советот на Општина Демир Хисар патниот налог го одобрува Градоначалникот на Општината, за раководните административни службеници и останатите вработени во општинската администрација и советниците членови на Советот на Општина Демир Хисар, патниот налог го одобрува и потпишува Секретарот на Општината, врз основа на нивно претходно писмено барање.

   Одобрението за управување со службеното возило заради итни и неодложни работи може да се издаде и усно од страна на Градоначалникот или Секретарот на Општината.

   По завршувањето на потребата од користење на службеното возило, корисникот е должен да го достави клучот и одобрението до Секретарот на Општината и да ги пријави сите промени во состојбата на возилото ако настанале при негова употреба.
3. Градоначалникот на Општината, Секретарот на Општината и раководните административни службеници имаат право на 24 часовно користење на службеното моторно возило (со или без возач) за службени потреби.
4. Полнењето на гориво за користење на возилото се врши со картички за безготовинско плаќање од страна на корисникот или возачот по претходно констатирана потреба за тоа. Сметката за полнење на горивото и картичката се доставуваат во Одделението за финансиски прашања.

**Член 6**

1. За секое користење на службеното моторно возило се издава во писмена форма патен налог за користење на службеното моторно возило.
2. Патниот налог од став 1 од овој член го пополнува возачот, а го потпишуваат корисникот на службеното моторно возило и Секретарот на Општината. Тоа се однесува на сите патувања на подрачјето на градот Демир Хисар, во Република Македонија и патувањата во странство.
3. Патниот налог мора да биде даден на потпис кај соодветното овластено лице пред почетокот на користењето на службеното моторно возило. Без потпишан патен налог од налогодавачот не смее да се изврши налогот.

**Член 7**

Налогот за користење на службеното моторно возило, ги содржи следните податоци:

1. Реден број на налогот;
2. Вид на возилото и регистарски број;
3. Име на возачот;
4. Име на лицето кое го користи возилото;
5. Релација на патувањето;
6. Цел на превозот;
7. Време на тргнување и време на враќање;
8. Почетна и крајна километража, односно поминати километри.

**Член 8**

1. Патниот налог за користење на службеното моторно возило во странство се издава 24 часа пред почетокот на користењето на службеното моторно возило, за превоз во Демир Хисар и локално до 50 km или на територијата на Република Македонија непосредно пред да почне користењето на возилото, со пополнување на потребните податоци за започнување на користењето (корисник, возило, место на поаѓање, час и дата на поаѓање, сопатници, цел на патувањето, потпис на овластено лице и печат).
2. По завршување на користењето на службеното моторно возило, се внесуваат другите податоци кои се однесуваат на користењето на службеното моторно возило (место, час и дата на пристигнување, податок за поминати километри, потпис на корисник и потпис на возач).
3. Корисникот на службеното моторно возило е должен да го потпише налогот по завршувањето на патувањето. По потреба, а со одобрение на оној што го издал налогот, корисникот на службеното моторно возило може да ја промени релацијата назначена во налогот, ако тоа го бара работата или условите на патот. По враќањето од пат, на позадината на налогот корисникот е должен да ги допише и релациите кои не се назначени во налогот и тоа да го потврди со потпис.

## III. УПРАВУВАЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ НА СЛУЖБЕНИТЕ МОТОРНИ ВОЗИЛА

**Член 9**

1. Со службените моторни возила управува возачот со систематизирано работно место возач кој поседува полномошно за управување со службеното моторно возило и возачка дозвола со соодветна категорија.
2. Со решение на Градоначалникот, може да се овласти и друго лице да управува со службените моторни возила на Општината, а тоа лице треба да поседува важечка возачка дозвола со соодветна категорија.

3. Вработениот кој управува со службеното моторно возило во сопственост на Општината, должен е да го провери патниот налог, внимателно да управува со возилото, да се грижи за хигиената во возилото, да провери дали се исправни сите светлосни знаци и страничните огледала, по завршувањето на патувањето да го врати возилото во Општината, да ги внесе потребните податоци во патниот налог и во месечниот извештај, како и да ги врати клучевите кај Секретарот на Општината.

**Член 10**

1. За одржување на службените моторни возила според законски утврдена постапка се избира овластен сервис за одржување на моторни возила.
2. Возачот односно возачите определени од Секретарот на Општината, се задолжуваат да се грижат за редовните проверки на возилата (одржување на хигиена, дотур на гориво, контрола на течности и друго) и за тоа да го известуваат Секретарот на Општината.
3. Во случај на управување на службеното моторно возило од страна на повеќе возачи, тие се должни меѓусебно да се известуваат за состојбата на возилото.
4. Секретарот на Општината по добиеното писмено известување за состојбата на возилото, превзема дејствија за организација, за санирање или подобрување на состојбата на службеното моторно возило.
5. Секое службено моторно возило мора да има дневник, во кој се внесуваат основните податоци за возилото и тоа: кога е набавено, кога се извршени техничките прегледи и сервиси, какви поправки му се вршени на возилото, кога е извршената замена на гуми, тип на гуми, со каков алат располага возилото, потрошувачката на гориво, масло, дата на менување на маслото и друго.

Податоците во дневникот редовно ги внесуваат возачите, како одговорни лица за одржување на службените моторни возила и должни се најмалку еднаш месечно да му ги презентираат на Секретарот на Општината.

**Член 11**

Ако корисникот на службеното моторно возило кој управува со возилото, по своја вина направи сообраќаен прекршок или предизвика сообраќајна незгода со што ќе доведе до оштетување на возилото или го користи возилото за намени кои не се утврдени со овој Правилник, покрај другите превземени соодветни мерки, е должен и да ја надомести штетата, согласно законските одредби за надоместок за предизвиканата штета.

**Член 12**

Службените моторни возила на Општината треба да ја поседуваат следнава опрема:

1. Резервна гума (комплет колце);
2. Дигалка за кола;
3. Соодветен алат за промена на гума (клуч и шрафцигер);
4. Сандаче со прва помош;
5. Комплет на резервни ламбици за светла и покажувачи на правец;
6. Опрема за зимски услови (синџири);
7. Флуоресцентен елек;
8. Чекан (за стакло со нож за колан);
9. Противпожарен апарат (минимум 2 l сув прашок);
10. Триаголник (за обележување во случај на дефект);
11. Марама за чистење на стакла (еленска кожа);
12. Дестилирана вода (минимум 2 l);
13. Контејнер за гориво (минимум 5 l);

14. Разно (сета опрема која не е опфатена погоре а по препорака може да се набави).

**Член 13**

1. Службените моторни возила можат да се опишат/расходуваат по нивното целосно амортизирање со примена на пропишаните годишни стапки за опис на долгорочни средства за непрофитни организации согласно Правилникот за сметководство на непрофитни организации (Сл. весник на Р. Македонија бр. 24/03 и 17/11).
2. Решение за опис/расходување или продажба на службените моторни возила донесува Советот на Општината.
3. Во случај на хаварија на службеното моторно возило со голема материјална штета (но не и сообраќајна несреќа), потребно е возачот на возилото да даде писмена изјава, да се повика влечна служба која ќе го транспортира возилото до паркингот пред Општината, а потоа да се повикаат стручни лица кои ќе направат вештачење на хаваријата (дефектот) и ќе ја утврдат причината поради која е настаната хаваријата (дефектот).
4. Во случај на сообраќајна несреќа, возачот на службеното моторно возило е должен да повика полиција и да побара од полицијата да состави записник, кој ќе го достави до Градоначалникот на Општината.

**Член 14**

1. Опишаните/расходуваните службени моторни возила можат да се отуѓат по пат на продажба со јавно наддавање, согласно позитивните законски прописи кои ја уредуваат таа област.
2. Постапката за продажба на службените моторни возила на Општината по пат на јавно наддавање ја спроведува Комисијата за недвижни и движни ствари формирана од страна на Градоначалникот на Општината.

**Член 15**

Овој правилник влегува во сила на денот на неговото донесување, и ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

Прилог број 1

**ПРЕГЛЕД**
**НА СЛУЖБЕНИ МОТОРНИ ВОЗИЛА НА ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР**

Општината во своја сопственост ги има следните службени моторни возила:

- **SKODA SUPER B** со регистарски таблички **BT – 1744 – RB**
- **PEUGEOT 306** со регистарски таблички **BT – 360 – RI**
- **SAAB 93** со регистарски таблички **BT – 0102 – RB**
- **Комбе PEUGEOT BOXER** со регистарски таблички **BT – 341 – RF**
- **OPEL ASTRA** со регистарски таблички **BT – 010 – RF**

**Бр. 17-520 /4** **Совет на Општина Демир Хисар**
**29.06.2017 година** **Претседател,**
**Демир Хисар** **Ѓоко Василески с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05; 7/09; 16/13 и 18/14 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлуката за усвојување на Елаборатот за процена и утврдување на висината на штетата настаната од природна непогода-град**

1.Ја објавувам Одлуката за усвојување на Елаборатот за процена и утврдување на висината на штетата настаната од природна непогода-град донесена на 66- та седница на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 29.06.2017 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-546/3** **Општина Демир Хисар**
**06.07.2017 година** **Градоначалник**
**Демир Хисар** ***Љупчо Блажевски с.р.***

634. Врз основа на член 143 став 1 од Законот за заштита и спасување (“Службен весник на РМ” бр.93/2012, 41/2014, 71/2016 и 106/2016), Одлуката за донесување на единствена методологија за проценка на штетите од елементарни непогоди (“Службен весник на РМ” бр.75/01), Уредбата за начинот на работа на комисиите за процена и утврдување на висината на штета настаната од природни непогоди и други несреќи (“Службен весник на РМ” бр. 98/2005, 152/2010 и 90/2015) и член 15 точка 10 од Статутот на општина Демир Хисар (“Службен гласник на општина Демир Хисар” бр. 3/2002, бр. 4/2005, 7/2009, 16/2013 и 18/2014), Советот на општина Демир Хисар на својата редовна седница одржана на 29.06.2017 година, донесе:

Одлука
За усвојување на Елаборатот за процена и утврдување на висината на штетата настаната од природна непогода-град

Член 1.

Се усвојува Елаборатот за проценка и утврдување на висината на штетата од природна непогода-град, што ја зафати општина Демир Хисар во атарот на селата Растојца, Ракитница, Прибилци, Сладуево, Журче, Единаковци и Света на 10.06.2017 година.

Составен дел на оваа Одлука е Елаборатот од Комисијата за проценка на штети од елементарни непогоди на општина Демир Хисар.

Елаборатот се доставува до Владата на Република Македонија, односно до Комисијата за проценка и утврдување на висината на штети од елементарни непогоди, на понатмошна постапка.

Член 2.

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на општина Демир Хисар.

**Бр.17-520/5**
**29.06.2017 година**
**Демир Хисар**

**Совет на општина Демир Хисар**
**Претседател**
**Ѓоко Василевски с.р.**

---

С О Д Р Ж И Н А

1. Одлука за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Демир Хисар за 2017 година------------------------------------------------------------------------------------------------------------ 1-2
2. Правилник за начинот на користење, управување и одржување на службени моторни возила на општина Демир Хисар------------------------------------------------------------------------------------------3-8
3. Одлука за усвојување на Елаборатот за процена и утврдување на висината на штетата настаната од природна непогода-град --------------------------------------------------------------------------------8-9

**Издава:**
**Општина Демир Хисар,ул.Битолска б.б.**
**тел.047/552-661**

**Градоначалник**
**Љупчо Блажевски**

**Компјутерска обработка:**
**Виолета Пајковска**